# ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ

Во рамките на развојните тенденции во високото образование во Република Македонија, зголемувањето на придонесот и зајакнувањето на улогата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје во развојот на демократијата, граѓанското општество, пазарното стопанство на земјата и во дефинирањето на местото на Република Македонија во глобалните интеграциони процеси, Ректоратот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје пристапи кон имплементирање на систем за менаџмент на квалитетот.

Во согласност со процесите за создавање единствен европски простор на високо образование, програмските цели на Универзитетот и ISO-стандардите, Ректоратот ги утврди следниве главни цели на политиката за квалитет:

- функционирање на организационата структура на интегриран универзитет и воспоставени надлежности на органите, кои произлегуваат од законската регулатива поврзана со неговата дејност;
- подигнување на квалитетот на наставата, студирањето и студентскиот стандард;
- развивање на европската димензија во високото образование во развојот на студиските програми, меѓуинституционалната соработка на ниво на УКИМ, соработка на национално, регионално и на интернационално ниво, мобилност на академскиот кадар и студентите;
- управување со квалитетот - континуирано следење и оценување на процесите за обезбедување квалитет, подигнување на квалитетот во сите сфери на дејствување на Централната стручна и административна служба - Ректоратот.

Горенаведените цели се поврзани со следниве главни процеси:

- *поврзување на стручните и административните дејности и функции на Универзитетот;*
- *развивање на ЕКТ-системот во сите циклуси на високото образование и континуирано спроведување на обврските од законската регулатива, болоњскиот процес и европските директиви;*
- *креирање заеднички студиски програми, истражувања, обуки;*
- *изведување континуирана самоевалуација и надворешна евалуација на факултетите, научните институти и на Универзитетот, на национално и меѓународно ниво.*

За реализација на поставените цели, врвното раководство ќе презема активности за:

- подобрување на квалитетот и со тоа компетентноста на наставно-нучниот кадар - особено на подмладокот, преку нивно континуирано образование и вклучување во научноистражувачки проекти и меѓународни развојни програми;
- поврзување со истакнати странски истражувачко-развојни институции за размена на искуства и стекнување нови знаења;
- вклучување во програми и проекти за мобилност на студентите и академскиот кадар;
- обезбедување кадровска поддршка;
- обезбедување на потребната инфраструктура (простор и опрема) за квалитетно изведување на активностите;
- континуирана соработка со стопанството;
- перманентно следење и преиспитување на поставените цели.

**Ректор**

**Проф. д-р Велимир Стојковски**